Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 30 април 2024 година

Скопје, април 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 април 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 22:50 часот.

Со седницата претседаваше м-р Бојан Маричиќ, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Наим Бајрами, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, Митко Бојмацалиев, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Викторија Аврамовска – Мадиќ, заменик на министерот за правда, д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, проф.д-р Маја Манолева, заменик на министерот за здравство како и Мики Крстев, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваше и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа м-р Талат Џафери, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Илир Демири, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ѓоко Велковски, министер за труд и социјална политика и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Прашања и предлози

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Петтата седница на Групата за процена, одржана на 30 април 2024 година и притоа заклучи:

1. Се задолжува Министерството за правда – Управа за извршување на санкциите веднаш да постапи по препораките од седницата на Групата за проценка, одржана на 30 април 2024 година, итно да преземе соодветни мерки за надминување на влошената безбедносна состојба во Казнено-поправен дом Прилеп и Казнено-поправен дом Штип и да ги врати петте осудени лица кои се пренесени од Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, доколку се отстранети причините поради кои истите се преместени, со цел да се надмине ескалација на состојбите во двата казнено-поправни дома.

2. Се задолжува Министерството за правда – Управа за извршување на санкциите да ја утврди одговорноста и да спроведе соодветни постапки против сите лица кои придонеле за влошената состојба и ја загрозиле безбедноста во Казнено-поправен дом Прилеп и Казнено-поправен дом Штип.

3. Се задолжува Министерството за правда – Управа за извршување на санкциите на првата наредна седница на Владата да достави детална информација за околностите кои се промениле во Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, откако осудените лица се преместени во Казнено-поправниот дом Прилеп и Казнено-поправниот дом Штип, за потребата за нивно враќање, кои услови се создадени за истите да се вратат во Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово, како и за начинот/гаранциите за одржување на безбедноста во казнено-поправните установи/домови во иднина.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 23:20 часот.

Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

м-р Методија Димовски

Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

м-р Бојан Маричиќ